MONTENEGRIN JOURNAL FOR SOCIAL SCIENCES

Volume 7. 2023. Issue 2.

CIP - Каталогизација у публикацији
Национална библиотека Црне Горе, Цетиње
**COBISS.CG-ID 32743952**

**ISSN 2536-5592**

**Publisher: Center for Geopolitical Studies**

Center for Geopolitical Studies

Časopis *Montenegrin Journal for Social Sciences* upisan je u evidenciju medija, Ministarstva kulture Crne Gore pod rednim brojem *782*.

MONTENEGRIN JOURNAL FOR SOCIAL SCIENCES

**Volume 7. 2023. Issue 2. Podgorica, December 2023.**

**Editor in Chief:** Adnan Prekic

**Editors:** Zivko Andrijasevic, Dragutin Papovic, Ivan Tepavcevic, Milan Scekic.

**International editorial board:** John K. Cox, North Dakota State University, Fargo, UNITED STATES; Tvrtko Jakovina, University of Zagreb, Zagreb, CROATIA; Lidia Greco, University of Bari, Bari, ITALY; Helena Binti Muhamad Varkkey, University of Malaya, Kuala Lumpur, MALAYSIA; Vít Hloušek, Masaryk University, Brno, CZECH REPUBLIC; Adrian Hatos, Universitatea „Babeș-Bolyai" Cluj, ROMANIA; Srdja Pavlovic, University of Alberta, CANADA.

**Montenegrin Journal for Social Sciences is indexed in:** CEOL - Central and Eastern European Online; ERIH PLUS; Google Scholar; Index Copernicus; CiteFactor; Scientific Indexing Services (SIS); ISRA – Journal impact factor; Electronic Journals Library; ROAD; General Impact Factor; OAJI – Open Academic Journals Index; Slavic Humanities Index.

**Proofreading and lecture in English:** Danijela Milićević

**Proofreading and lecture in Montenegrin:** Miodarka Tepavčević

**Address:** Danila Bojovića bb 81 400 Nikšić, Montenegro;
**E-mail:** mjss@ucg.ac.me
**www.mjss.ac.me**

**Prepress and print:** Pro file – Podgorica

**Circulation:** 100 copies

MONTENEGRIN JOURNAL FOR SOCIAL SCIENCES

**Volume 7. 2023. Issue 2. Podgorica, December 2023.**

# CONTENTS:

RELATIONS BETWEEN MONTENEGRO AND ALBANIA DURING THE 70'S AND EARLY 80'S
**Dragutin PAPOVIC**........................................................................ p.127.

WOMEN'S EMANCIPATION IN MONTENEGRO BEFORE SOCIALIST YUGOSLAVIA: THE ROOTS OF RETRADITIONALIZATION IN MONTENEGRIN SOCIETY
**Jovana DJURIC**........................................................................ p.163.

DELEGATE ELECTORAL SYSTEM AND SELF-MANAGEMENT CASE STUDY: MONTENEGRO 1974-1990
**Jelisaveta BLAGOJEVIC MILJANIC**........................................................................ p.192.

READING THE STARS IN 1990: SERBIAN MEDIA AND THE RECONSTRUCTING OF THE CONCEPT OF HEAVENLY PEOPLE
**Srdja PAVLOVIC**........................................................................ p.221.

THE CONDITIONALITY OF ECONOMIC GROWTH ON NATIONAL INTELLECTUAL CAPITAL - THE CASE OF THE COUNTRIES OF CENTRAL AND EASTERN EUROPE
**Matea ZLATKOVIC RADAKOVIC**........................................................................ p.238.

SCIENTIFIC REVIEW OF THE MICROSTRUCTURES OF YUGOSLAVIC SOCIALISM - Book review: Igor Duda (ur.), Mikrosocijalizam. Mikrostrukture jugoslavenskog socijalizma u Hrvatskoj 1970-ih i 1980-ih godina
**Husnija KAMBEROVIC**........................................................................ p.257.

REAFFIRMATION OF MONTENEGRO-BULGARIAN HISTORICAL CONNECTIONS – Book review: Dragan B. Perović, Miroljub Orlandić: Dr Petar Orahovac–Crnogorac, predsjednik bugarske Skupštine
**Nedzad MEHMEDOVIĆ**........................................................................ p.261.

A THOROUGH, BUT BRAGGING, HISTORY OF ATHENS - Book review: Srđan Jović, Atinska imperija - Istorija Atine do Peloponeskog rata
**Balsa KOVACEVIC**........................................................................ p.266.

EXAMPLE OF MULTICULTURALITY IN THE MUSEUM INSTITUTIONS IN CETINJE - Book review: Filip Kuzman, Luna podno Lovćena: Kulturno nasljeđe islamskog stanovništva Crne Gore u cetinjskim muzejima
**Vukan RAZNATOVIC**........................................................................ p.275.

TESTIMONY ABOUT THE SONS OF KING NIKOLA IN THE FIRST WORLD WAR - History Essay
**Milan SCEKIC**........................................................................ p.278.

**INSTRUCTIONS FOR AUTHORS**........................................................................ p.287.

**Volume 7. 2023. Issue 2. Podgorica, December 2023.**

**Glavni i odgovorni urednik:** Adnan Prekić

**Urednici:**
Živko Andrijašević, Dragutin Papović, Ivan Tepavčević, Milan Šćekić.

**Međunarodni uređivački odbor:** John K. Cox, North Dakota State University, Fargo, UNITED STATES; Tvrtko Jakovina, University of Zagreb, Zagreb, CROATIA; Lidia Greco, University of Bari, Bari, ITALY; Helena Binti Muhamad Varkkey, University of Malaya, Kuala Lumpur, MALAYSIA; Vít Hloušek, Masaryk University, Brno, CZECH REPUBLIC; Adrian Hatos, Universitatea „Babeș-Bolyai" Cluj, ROMANIA; Srđa Pavlović, University of Alberta, KANADA.

**Montenegrin Journal for Social Sciences indeksira se u sljedećim naučnim bazama:** CEOL – Central and Eastern European Online; ERIH PLUS; Google Scholar; Index Copernicus; CiteFactor; Scientific Indexing Services (SIS); ISRA – Journal impact factor; Electronic Journals Library; ROAD; General Impact Factor; OAJI – Open Academic Journals Index; Slavic Humanities Index.

**Lektura i korektura na engleskom:** Danijela Milićević

**Lektura i korektura na crnogorskom:** Miodarka Tepavčević

**Adresa:** Danila Bojovića bb 81 400 Nikšić, Crna Gora;
**E-mail:** mjss@ucg.ac.me
**www.mjss.ac.me**

**Priprema i štampa:** Pro file – Podgorica

**Tiraž:** 100 primjeraka

MONTENEGRIN JOURNAL FOR SOCIAL SCIENCES

**Volume 7. 2023. Issue 2. Podgorica, Decembar 2023.**

# SADRŽAJ:

ODNOSI CRNE GORE I ALBANIJE TOKOM 70-IH I POČETKOM 80-IH GODINA 20. VIJEKA
**Dragutin PAPOVIĆ**........................................................................................................ str.127.

EMANCIPACIJA ŽENA U CRNOJ GORI U PERIODU PRIJE STVARANJA SOCIJALISTIČKE JUGOSLAVIJE: KORIJENI RETRADICIONALIZACIJE U CRNOGORSKOM DRUŠTVU
**Jovana ĐURIĆ**.............................................................................................................. str.163.

DELEGATSKI SISTEM IZBORA I SAMOUPRAVLJANJE STUDIJA SLUČAJA:
CRNA GORA 1974 – 1990
**Jelisaveta BLAGOJEVIĆ MILJANIĆ** ................................................................................ str.192.

GLEDANJE U ZVIJEZDE 1990: SRPSKI MEDIJI I KONCEPT OBNAVLJANJE CARSTVA NEBESKOG
**Srdja PAVLOVIĆ**.......................................................................................................... str.221.

USLOVLJENOST EKONOMSKOG RASTA NACIONALNIM INTELEKTUALNIM KAPITALOM - SLUČAJ ZEMALJA CENTRALNE I ISTOČNE EVROPE
**Matea ZLATKOVIĆ RADAKOVIĆ**....................................................................................... str.238.

NAUČNI PRILOZI O MIKROSTRUKTURAMA JUGOSLAVENSKOG SOCIJALIZMA –
Prikaz knjige: Igor Duda (ur.), Mikrosocijalizam. Mikrostrukture jugoslavenskog socijalizma u Hrvatskoj 1970-ih i 1980-ih godina
**Husnija KAMBEROVIĆ**................................................................................................... str.257.

REAFIRMACIJA CRNOGORSKO-BUGARSKIH ISTORIJSKIH VEZA - Prikaz knjige: Dragan B. Perović, Miroljub Orlandić: Dr Petar Orahovac–Crnogorac, predsjednik bugarske Skupštine
**Nedžad MEHMEDOVIĆ**.................................................................................................. str.261.

TEMELJNA, ALI HVALISAVA, ISTORIJA ATINE –
Prikaz knjige: Srđan Jović, Atinska imperija – Istorija Atine do Peloponeskog rata
**Balša KOVAČEVIĆ**........................................................................................................ str.266.

PRIMJER MULTIKULTURALNOSTI U MUZEJSKIM USTANOVAMA NA CETINJU -
Prikaz knjige: Filip Kuzman, Luna podno Lovćena: Kulturno nasljeđe islamskog stanovništva Crne Gore u cetinjskim muzejima
**Vukan RAŽNATOVIĆ**..................................................................................................... str.275.

SVJEDOČENJA O SINOVIMA KRALJA NIKOLE U PRVOM SVJETSKOM RATU - Istorijski esej
**Milan SCEKIC**............................................................................................................... str.278.

**UPUTSTVA ZA AUTORE**................................................................................................. str.287.

**Volume 7. 2023. Issue 2. Podgorica, Decembar 2023.**

**Review**

# REAFIRMACIJA CRNOGORSKO-BUGARSKIH ISTORISKIH VEZA

Prikaz knjige: Dragan B. Perović, Miroljub Orlandić: *Dr Petar Orahovac–Crnogorac, predsjednik bugarske Skupštine,* Matica crnogorska, Podgorica, 2023, str. 270

Nedžad MEHMEDOVIĆ, asistent-istrazivač

Institut za nacionalnu istoriju – Skoplje

email: nedjad.mehmedovikj@gmail.com

Во текот на 2023 година во издание на „Матица црногорска” од Подгорица на црногорски јазик на вкупно 270 страница излезе од печат книгата *Dr Petar Orahovac : Crnogorac, prešednik bugarske skupštine,* од авторите Драган Перовиќ[1] и Мирољуб Орландиќ.[2]

[1] Драган Б. Перовиќ е роден во 1953 година во Никшиќ. Своите дипломски и постипломски студии по српскохрватски јазик и книжевност ги завршува на Филолошкиот факултет во Белград. Од 1982 до 1984 година работи како лектор за српскохрватски јазик на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Софија, Бугарија. Од 1985 година работи во Лексикографскиот завод на Црна Гора во Титоград се до неговото укинување. Од 1991 до 1994 раководи со претставништвото на Тутунскиот комбинат Подгорица во Софија. Се занимавал и работел во областа на маркетингот во медиумите. Од 2006 година работел во претставништвото на TOBO Ltd. Sofia, во Белград. Актуелен извршен директор е на NVO CEHRA од Никшиќ. Драган Б. Перовиќ е автор на голем број на трудови и публикации за проучивање на црногорското културно-историско наследство, бугарско-црногорските врски, енциклопедистиката, театрологијата и публицистиката. Во текот на својот животен век е добитник на многубројни награди и признанија.

[2] Мирољуб Орландиќ е роден во 1950 година во Ниш. Дипломира на економскиот факултет во Скопје, каде што живее и работи во Министерството за внатрешни работи до неговото пензионирање во 2006 година. Тој е прв претседател на здружението Заедница на Црногорците во Македонија во периодот од 2006 до 2013 година. Од 2010 година е претседател на Мрежата за мултикултурно општество во Македонија, додека од 2013 година е повереник на Матица Црногорска за Македонија. Од 2019 година е претседател на здружението Истражувачки центар Монтенегрин. Во 2023 година е избран за надворешен член на Дукљанската академија на науки и уметности (ДАНУ). Учесник е на многубројни проекти и автор е на голем број на трудови во контекст на афирмацијата на културното, историското и духовното наследство на Црна Гора.

Книгата претставува прв обемен научен труд специјализиран за животот и делото на доктор Петар Ораховац кој во периодот од 1910-1911 година ја извршувал функцијата претседател на парламентот на Бугарија. Монографијата претставува уникатен научен труд поткрепен со информации и архивски извори од бугарските научни и општествено-политички институции. Делото ги реафирмира црногорско-бугарските историски врски кои датираат од ослободувањето на двете земји од османската власт. Кнежевството Бугарија го отвара своето дипломатско претставништво во Цетиње во 1897 година, додека Црна Гора е првата држава која ја признала независноста на Бугарија со телеграфска нота од Цетиње во 1908 година.

Авторите ја поделиле монографијата на следните тематски поглавја: Предговор; Вовед; Црногорско-бугарски врски; Петар Ораховац – од Црна Гора до Бугарија; Бугарија – нова татковина, значај и придонес; Наследството на доктор Петар Ораховац; и Заклучок.

Предговорот на монографијата е дело на амбасадорката на Бугарија во Црна Гора, Д-р Меглена Плукчиева насловено "Д-р Петар Ораховац – светла личност во историјата на бугарско-црногорските односи." Во предговорот амбасадорката ги реафирмира како историските, така и актуелните врски, дава краток осврт на значајот на Д-р Ораховац и на тој начин го верификува значењето како на монографијата, така и значајот на авторите за зачувување на врските помеѓу овие две пријателски држави.

Во воведниот дел на книгата авторите даваат краток приказ на содржината на монографијата, хронолошки приказ на односите, како и предизвиците со кои се соочиле при истражувањето за ова значајно дело.

Во првата глава насловена "Црногорско-бугарски врски" се дава краток осврт на конекциите помеѓу двете држави низ историјата. Врските помеѓу двете држави се интензивираат во текот на XIX век при што имињата на големите бугарски револуционери и писатели како што се: Васил Левски, Г.С. Раковски, Љ. Каравелов, Христо Ботев, Иван Вазов се тесно врзани за Црна Гора во тој временски период.

Второто тематско поглавје "Црногорците во Бугарија" претставува анализа на податоците поврзани со иселувањето на Црногорците во Бугарија. Во овој дел ко-авторот Мирољуб Орландиќ дава значаен придонес во расветлувањето на бројноста на Црногорците во тогашна Бугарија користејќи ги официјалните податоци на бугарските државни институции. Според еден од записниците на пописот во 1905 година во Бугарија околу 300 испитаници се изјасниле како припадници на црногорската етничка заедница чиј мајчин јазик е црногорскиот. Во овој дел е особено значаен еден документ – оригинален пасош на еден од иселениците од Црна Гора во Бугарија.

Третата глава насловена "Петар Ораховац – од Црна Гора до Бугарија" е поделена во неколку засебни точки со следните поднаслови: Родно Орахово, Кучи; Школување – од Цетиње до Русија и учество во војните со Турција; Црногорските лекари, Петровите современици; и Томо Ораховац. Доктор Петар Ораховац е роден во Кучи во 1857 година. Активно учествува во востанијата и војните против Турците во Херцеговина, Србија и Црна Гора во периодот од 1875 – 1878 година. По тој период повторно се враќа во Русија каде што завршува медицина во 1883 година. По студиите се враќа во Црна Гора каде после кратко работење во Бар и Улцињ се упатува за Бугарија.

Четвртото тематско поглавје "Бугарија – новата татковина, значај и допринос" е поделено во неколку засебни точки со следните поднаслови: Медицинска кариера; Александровската болница во текот на српско-бугарската војна; Службата во Ловеч и учеството во развојот на санитетот во Бугарија; Политичкото делување; Ораховисти и русевисти; Врв на кариерата – избор за председател на Народното собрание на Бугарија; Балканските војни; Го нарекуваа Црногорец; Крај на животниот пат; и Некролози.

Во четвртиот и можеби највозбудлив дел од монографијата се среќаваме во целокупната активност на главниот лик во делото, како и неговиот допринос во различни сегменти од општественото делување. Со доаѓањето во Бугарија тој најпрвин работи во Кула и Ловеч, пред да се пресели во Пловдив, па во Софија. Беше претседател на софискиот огранок на Бугарскиот Црвен Крст. Активно се вклучил во политичкиот живот во Бугарија при што по одреден период станал лидер на партијата "Ораховисти".

Во народното собрание влегува како пратеник од листата на Демократската партија, додека врвот на политичката кариера го достигнува на 15 октомври 1910 година кога е избран за претседател на Народното собрание. Д-р Ораховац е еден од основачите на Бугарскиот лекарски сојуз. Умира во 1922 година во Софија, Бугарија.

Петтото тематско поглавје "Наследството на Д-р Петар Ораховац" е поделено во неколку засебни точки со следните поднаслови: Д-р Нина Берова – Ораховац; Сеќавање на Д-р Нина Берова-Ораховац; и Семејство и потомство.

Д-р Петар Ораховец бил оженет со Д-р Нина Берова која водела потекло од Бугарите од Бесарабија. Тие имале вкупно пет деца: Димитар, Сава, Сергеј, Јулија и Тања. Неговиот најстар син Д-р Димитар Ораховац (1892-1963) тргнал по стапките на своите родители, при што се стекнал со светска слава. Тој бил угледен лекар кој специјализирал на Кембриџ. Бил декан на медицинскиот факултет во Софија, претседател на Бугарскиот Црвен Крст, Ректор на Универзитетот во Софија, како и член на бројни надворешни академии.

Поглавјата на монографијата завршуваат со Заклучок во кој авторите даваат краток осврт со насоки за понатамошно делување за реафирмација како на црногорско-бугарските односи, така и за реафирмација на ликот и делото на Д-р Петар Ораховац, притоа со право заклучувајќи дека се работи за еден великан кој со своето дело прави убава и племенита врска помеѓу Црна Гора и Бугарија.

Авторите по официјалниот дел на монографијата ја збогатиле книгата со дополнителни и вредни информации. По заклучокот следат фотографии и копии на значајни документи од животот на доктор Петар Ораховац и неговиот син, доктор Димитар Ораховац. Потоа следат сите научни трудови на доктор Петар Ораховац, како и позначајни трудови на доктор Димитар Ораховац подредени по хронолошки редослед, и на бугарски јазик. Авторите додаваат важен документ – хронологија на настаните од животот на Петар Ораховац од неговото раѓање во Кучи, Црна Гора во 1857 година, па се до неговата смрт во Софија, Бугарија во 1922 година. Потоа следи резиме на црногорски, бугарски и англиски јазик при што се дава краток преглед на содржината на монографијата и на академската публика која не се служи со групата на јазици од поранешна Југославија.

По прилозите следи список на извори и литература, преглед на користени сајтови, архиви, фотографии, автори и извори. На крајот од книгата е содржан именски регистар, кратка биографија од двата автори и содржина на книгата.

Особен впечаток остава еден од некролозите – летописи на Лекарскиот сојуз на Бугарија од мај 1922 година во кој е наведено: "Д-р Петар Ораховац беше пример за преданост на службата на која се посветил – лекарската, општествената, народната, општословенската. Незаборавен и како лекар и како човек, кај своите колеги, а и кај нас, Д-р Петар Ораховац останува запаметен и по она што го носеше длабоко во себе, а тоа е љубов, света искрена љубов кон својот роден крај".

Обработените документи и материјали во овој труд даваат значајни податоци како за животот и делото на доктор Петар Ораховац, така и за различни историски и општествени состојби во двете земји во посочениот период. Збогатувањето на книгата со стари фотографии и документи му дава дополнителна вредност на делото при што истото ќе биде од големо значење како за историчарите, така и за пошироката читателска публика чиј интерес е минатото на Црна Гора и Бугарија. Токму затоа, овој труд претставува значајно дело кое ги поставува основите на оваа специјализирана тема и дава значаен придонес како на бугарската и црногорската, така и на целата балканска историографија.